# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр.3/2016

## 01.04.2016 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за утврдување на Детален урбанистички план за Урбана заедница 4, дел од Урбан блок 4.2 во Неготино**

Се објавува Одлуката за утврдување на Детален урбанистички план за Урбана заедница 4, дел од Урбан блок 4.2 во Неготино, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 31.03.2016 година.

Бр.09_123/1
01.04.2016

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ број 51/05, 137/07, 91/09 ,124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13, 42/14), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на 31.03.2016 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За утврдување на Детален урбанистички план**
**за Урбана заедница 4, дел од Урбан блок 4.2 во Неготино**

Член 1

Се донесува одлука за утврдување на Детален урбанистички план за Урбана заедница 4, дел од Урбан блок 4.2 во Неготино, плански опфат меѓу ул.„ЈНА“, ул.„Борис Кидрич“ и ул„„Едвард Кардељ“, со плански период 2015-2020 година со плански опфат 0,68 ха.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е графичкиот приказ за Детален урбанистички план за Урбана заедница 4, дел од Урбан блок 4.2 во Неготино со тех.бр. 82/14 од ноември 2015 година, изработен од „ПРОСТОР„ ДОО Куманово кој се наоѓа во просториите на Општина Неготино.

Член 3

Оваа одлука стапува во сила со денот на усвојувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Неготино“.

Бр.08_116/9
31.03.2016 година

Совет на Општина Неготино
Претседател
Јордан Паунов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за утврдување на изменување и дополнување на Детален урбанистички план „Партизанска“ за една градежна парцела (ГП Б 85) во Неготино-општина Неготино**

Се објавува Одлуката за утврдување на изменување и дополнување на Детален урбанистички план „Партизанска“ за една градежна парцела (ГП Б 85) во Неготино-општина Неготино, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 31.03.2016 година.

Бр.09_123/2
01.04.2016

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.199/14, 44/15, 193/15 и 31/16), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на 31.03.2016 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За утврдување на изменување и дополнување на Детален урбанистички план „Партизанска“ за една градежна парцела (ГП Б 85) во Неготино-општина Неготино**

Член 1
Се донесува одлука за утврдување на изменување и дополнување на Детален урбанистички план „Партизанска“ за една градежна парцела (ГП Б 85) на ул.„ Партизанска“ бр.26 во Неготино-општина Неготино, со плански период 2015-2020 година, површина на плански опфат 240 м2.

Член 2
Составен дел на оваа Одлука е графичкиот приказ за изменување и дополнување на Детален урбанистички план за една градежна парцела (ГП Б 85) на ул.„ Партизанска“ бр.26 во Неготино-општина Неготино, со тех.бр. 067-0911/2015 од март 2016 година, изработен од ВЕКТОР 90 Томе ДООЕЛ Струмица, кој се наоѓа во просториите на Општина Неготино.

Член 3
Оваа одлука стапува во сила со денот на усвојувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Неготино“.

Бр.08_116/10
31.03.2016 година

Совет на Општина Неготино
Претседател
Јордан Паунов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за утврдување на Детален урбанистички план за дел од УЗ 6, дел од УБ 6.1 „ ГРАДСКИ ПАЗАР“ измена и дополна во Неготино, општина Неготино**

Се објавува Одлуката за утврдување на Детален урбанистички план за дел од УЗ 6, дел од УБ 6.1 „ ГРАДСКИ ПАЗАР“ измена и дополна во Неготино, општина Неготино , што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 31.03.2016 година.

Бр.09_123/3
01.04.2016

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ број 51/05, 137/07, 91/09 ,124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13, 42/14), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на 31.03.2016 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За утврдување на Детален урбанистички план**
**за дел од УЗ 6, дел од УБ 6.1 „ ГРАДСКИ ПАЗАР“ измена и дополна во Неготино, општина Неготино**

Член 1

Се донесува одлука за утврдување на Детален урбанистички план за дел од УЗ 6, дел од УБ 6.1 „ ГРАДСКИ ПАЗАР“ измена и дополна во Неготино, општина Неготино, со плански период 2013-2018 година со плански опфат 8,75 ха.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е графичкиот приказ за Детален урбанистички план за дел од УЗ 6, дел од УБ 6.1 „ ГРАДСКИ ПАЗАР“ измена и дополна во Неготино, општина Неготино со тех.бр. 2862 од јануари 2016 година, изработен од ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Кавадарци кој се наоѓа во просториите на Општина Неготино.

Член 3

Оваа одлука стапува во сила со денот на усвојувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Неготино“.

Бр.08_116/11
31.03.2016 година

Совет на Општина Неготино
Претседател
Јордан Паунов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичката планска документација**

Се објавува Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичката планска документација, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 31.03.2016 година.

Бр.09_123/4
01.04.2016

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 2 став 1 алинеја 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ“ број 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), на член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино („Службен гласник на Општина Неготино“ број 3/06, 2/2011 и 06/11) Советот на Општина Неготино на седницата одржана на 31.03.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичката планска документација**

Член 1

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намена на бесправно изградени објекти кои треба да се вклопат со поединечни зони според намената на земјиштето и општиот режим на градење и употреба.

Член 2

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КП **1239/1** и КП **1237** КО Пепелиште – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно

изграден објект со број 2, (според геодетски елаборат бр.0703/403 од 27.06.2012 година) со намена А1- Домување.

Член 3

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КП **1258/1** и КП **2218** КО Пепелиште – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изграден објект со број 2, (според геодетски елаборат бр.0703/1177 од 20.09.2012 година) со намена А1-Домување.

Член 4

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КП **3610/1** и **КП 3662/1** КО Тремник – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изграден објект со број 1, (според геодетски елаборат бр.0703/222 од 02.11.2015 година) со намена Г2 .

Член 5

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КП **3556/1** КО Тремник –Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изградени објекти со број 1, 2 и 3 (според геодетски елаборат бр.0703/1323 од 22.05.2012 година) со намена А1- домување .

Член 6

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КП **3408** КО Тимјаник – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изградени објекти со број 1, 3, и 4, (според геодетски елаборат бр.0703/1199 од 18.01.2013 година) со намена А1- Домување.

Член 7

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КП **3052/1** КО Тимјаник – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изградени објекти со број 2, 3 и 4, (според геодетски елаборат бр.0703/141 од 22.03.2013 година) со намена А1- Домување.

Член 8

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КП **3409/3** КО Тимјаник – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изграден објект со број 1, (според геодетски елаборат бр.0703/330 од 20.10.2014 година) со намена А1- Домување.

Член 9

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КП **10419** КО Неготино – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изграден објект со број 2, (според геодетски елаборат бр.0703/97 од 07.05.2013 година) со намена Б1- Деловен Простор.

Член 10

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Неготино“.

Бр.08_116/12
31.03.2016 година

Совет на општина Неготино
П р е т с е д а т е л,
Јордан Паунов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за давање во закуп на недвижен имот во сопственост на општина Неготино–четири тениски игралишта**

Се објавува Одлуката за давање во закуп на недвижен имот во сопственост на општина Неготино–четири тениски игралишта, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 31.03.2016 година.

Бр.09_123/5
01.04.2016

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 3 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на РМ“ бр.78/15, 106/15 и 153/15) и член 129 од Статутот на Општина Неготино („Сл.гласник на Општина Неготино„бр.3/2006, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на 31.03.2016 година донесе

## О Д Л У К А
## За давање во закуп на недвижен имот во сопственост на општина Неготино–четири тениски игралишта

Член 1

Со оваа одлука се одобрува да се даде во закуп по пат на јавно наддавање следниот недвижен имот во сопственост на општина Неготино:

Четири земјени тениски игралишта во спортско рекреативниот центар во Неготино на кп.бр.8125/2, зпо 2, со вкупна површина од 3.099 м.кв.

Почетната цена на јавното наддавање за горенаведениот недвижен имот согласно проценката од овластен проценител се утврдува во висина од 3.100,00 денари месечна закупнина.

Член2

Право на учество на јавното наддавање имат сите правни и физички лица од Република Македонија.

Член 3

Времетраењето на закупот се утврдува на рок од десет години од денот на склучувањето на договорот за закуп и закупувачот има обврска овие тениски игралишта да ги користи спортски и рекреативни цели за целокупниот период на важност на овој договор.

Член 4

Ова одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Неготино“.

Бр.08_116/14
31.03.2016 година

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлуката за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната општинска установа Детска градинка „ Фемо Кулаков“ Неготино**

Се објавува Одлуката за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната општинска установа Детска градинка „ Фемо Кулаков“ Неготино, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 31.03.2016 година.

Бр.09_123/6
01.04.2016

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 67 став 6 од Законот за заштита на децата („Сл.Весник на Р.М“ бр.23/2013....27/2016) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 31.03.2016 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

**За утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната општинска установа Детска градинка „ Фемо Кулаков“ Неготино**

Член 1

Со оваа одлука се утврдува дека Јавната општинска установа Детска градинка „ Фемо Кулаков“ Неготино во работни денови е отворена 12 часа со почеток од 05 до 17 часот, а почетокот на работното време за згрижување на деца се утврдува во терминот од 06 часот, а завршетокот на работното време е 17 часот.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Неготино“.

Бр.08_116/13
31.03.2016 година

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решението за доделување на финансиски средства**

Се објавува Решението за доделување на финансиски средства, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 31.03.2016 година.

Бр.09_123/7
01.04.2016

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06 , 2/11 , 9/11 и 16/12), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 31.03.2016 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За доделување на финансиски средства**

Член 1

За поддршка на активностите во областа на спортот се доделуваат финансиски средства на Фудбалскиот клуб ВАРДАР од Неготино во износ од 300.000,00 денари.

Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Неготино„.
Бр.08_116/15
31.03.2016 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решението за доделување на еднократна парична помош**

Се објавува Решението за доделување на еднократна парична помош , што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 31.03.2016 година.

Бр.09_123/8
01.04.2016

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 31.03.2016 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За доделување на еднократна парична помош**

Член 1

Се доделува еднократка парична помош на
Илија Таневски од Неготино во износ од 30.000,00 денари

Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Неготино“.

Бр.08_116/16
31.03.2016 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работата на Центарот за развој на Вардарскиот плански регион во 2015 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работата на Центарот за развој на Вардарскиот плански регион во 2015 година, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 31.03.2016 година.

Бр.09_123/9
01.04.2016

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 31.03.2016 година го усвои следниот

**З А К Л У Ч О К**

1. СЕ УСВОЈУВА Годишниот извештај за работата на Центарот за развој на Вардарскиот плански регион во 2015 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Неготино„.

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Вардарскиот плански регион за 2015 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Вардарскиот плански регион за 2015 година, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 31.03.2016 година.

Бр.09_123/10
01.04.2016

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 31.03.2016 година го усвои следниот

**З А К Л У Ч О К**

1. СЕ УСВОЈУВА Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Вардарскиот плански регион за 2015 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.08_116/4
31.03.2016 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работа на Отворениот граѓански универзитет за доживотно учење „ Неготино„ за 2015 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работа на Отворениот граѓански универзитет за доживотно учење „ Неготино„ за 2015 година, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 31.03.2016 година.

Бр.09_123/12
01.04.2016

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11. 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 31.03.2016 година го усвои следниот

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на општина Неготино го усвои Извештајот за работа на Отворениот граѓански универзитет за доживотно учење „ Неготино„ за 2015 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.08_116/5
31.03.2016 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот по завршна сметка на ЈП КОМУНАЛЕЦ Неготино 01.01- 31.12.2015 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот по завршна сметка на ЈП КОМУНАЛЕЦ Неготино 01.01- 31.12.2015 година, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 31.03.2016 година.

Бр.09_123/13
01.04.2016

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 33 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/2011 и 16/12), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 31.03.2016 година го усвои следниот

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на општина Неготино го усвои Извештајот по завршна сметка на ЈП КОМУНАЛЕЦ Неготино 01.01- 31.12.2015 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.08_116/6
31.03.2016 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Јордан Паунов**

# С О Д Р Ж И Н А

## на Службен гласник бр. 3/2016

1. Заклучок за објавување на Одлуката за утврдување на Одлуката за утврдување на Детален урбанистички план за Урбана заедница 4, дел од Урбан блок 4.2 во Неготино Стр.1

2. Одлука за утврдување на Детален урбанистички план за Урбана заедница 4, дел од Урбан блок 4.2 во Неготино Стр.2

3. Заклучок за објавување на Одлуката за утврдување на изменување и дополнување на Детален урбанистички план „Партизанска“ за една градежна парцела (ГП Б 85) во Неготино-општина Неготино Стр.3

4. Одлука за утврдување на изменување и дополнување на Детален урбанистички план „Партизанска“ за една градежна парцела (ГП Б 85) во Неготино-општина Неготино Стр.4

5. Заклучок за објавување на Одлуката за утврдување на Детален урбанистички план за дел од УЗ 6, дел од УБ 6.1 „ ГРАДСКИ ПАЗАР“ измена и дополна во Неготино, општина Неготино Стр.5

6. Одлуката за утврдување на Детален урбанистички план за дел од УЗ 6, дел од УБ 6.1 „ ГРАДСКИ ПАЗАР“ измена и дополна во Неготино, општина Неготино Стр.6

7. Заклучок за објавување на Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичката планска документација Стр.7

8. Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичката планска документација Стр.7-8

9. Заклучок за објавување на Одлуката за давање во закуп на недвижен имот во сопственост на општина Неготино–четири тениски игралишта Стр.9

10. Одлука за давање во закуп на недвижен имот во сопственост на општина Неготино–четири тениски игралишта Стр.10

11. Заклучок за објавување на Одлуката за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната општинска установа Детска градинка „ Фемо Кулаков“ Неготино Стр.11

12. Одлука за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на Јавната општинска установа Детска градинка „ Фемо Кулаков“ Неготино Стр.11

13. Заклучок за објавување на Решението за доделување на финансиски средства Стр.12

14. Решение за доделување на финансиски средства Стр.12

15. Заклучок за објавување на Решението за доделување на еднократна парична помош Стр.13

16. Решението за доделување на еднократна парична помош Стр.13

17. Заклучок за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работата на Центарот за развој на Вардарскиот плански регион во 2015 година Стр.14

18. Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работата на Центарот за развој на Вардарскиот плански регион во 2015 година Стр.14

19. Заклучок за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Вардарскиот плански регион за 2015 година Стр.15

20. Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Вардарскиот плански регион за 2015 година Стр.15

21. Заклучок за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работа на Отворениот граѓански универзитет за доживотно учење „ Неготино„ за 2015 година Стр.16

22. Заклучокот за усвојување на Извештајот за работа на Отворениот граѓански универзитет за доживотно учење „ Неготино„ за 2015 година Стр.16

23. Заклучок за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот по завршна сметка на ЈП КОМУНАЛЕЦ Неготино 01.01- 31.12.2015 година Стр.17

24. Заклучок за усвојување на Извештајот по завршна сметка на ЈП КОМУНАЛЕЦ Неготино 01.01- 31.12.2015 година Стр.17